Дневни билтени

**2015**

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

**2021**

# Извадок на дел од дневни настани 18.01.2021

На 17.01.2021 во 20.55 часот, полициски службеници од СВР Скопје во парк-шумата Гази Баба ги лишиле од слобода С.Т.(23) и Д.П.(23), двајцата од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.01.2021 во 14.10 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Карпош го лишиле од слобода Ф.Ј.(28) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него биле пронајдени марихуана и прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.01.2021 во 11.30 часот во Полициската станица за Граничен премин Долно Блаце од слобода бил лишен Г.М.(24) од Република Албанија, по барање на Интерпол. Тој бил задржан во полициска станица за понатамошна постапка.

На подрачјата на ОВР Крива Паланка и ОВР Кратово на 16/17.01.2021 преземени се мерки и активности и констатирано е дека 75 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената, еден возач управувал возило пред да се стекне со право за управување на моторно возило, а тројца биле под дејство на алкохол. Од сообраќај биле исклучени и четири возила поради непочитување на сообраќајните прописи. Санкционирани се и други 12 прекршоци.

На 17.01.2021 во периодот од 09.00 до 15.00 часот полициски службеници на Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај Штип спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле откриени 44 возачи кои управувале возила со брзина поголема од дозволената, а биле констатирани и 16 други видови прекршоци. На сите возачи им се изречени соодветни санкции.

На 17.01.2021 во 13.20 часот било пријавено дека на автопатот Демир Капија-Неготино, кај наплатна станица Демир Капија, товарно возило удрило во кабина за наплата на патарина, по што го напуштило местото на незгодата. Извршен бил увид од Полициската станица Неготино и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.01.2021 во 11.06 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека во атар на с.Витолиште, прилепско, Ѓ.К.(25) од Прилеп бил погоден од куршум од ловечка пушка од едно лице од ловната група. Околу 14.55 часот од екипа на Итна медицинска помош било констатирано дека Ѓ.К. им подлегнал на повредите. По наредба на Јавен обвинител телото било предадено на обдукција. Во врска со настанот од слобода е лишен С.П.(50) од Прилеп, кој бил приведен во полициска станица. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 17.01.2021 во 18.00 часот во Полициската станица Карпош, С.Ј.(31) од Скопје пријавила дека на бул.„Митрополит Теодосиј Гологанов" била касната од куче скитник.

На 16.01.2021 во периодот од 10.00 до 16.00 часот на подрачјето на Велес е спроведена акциска контрола на возачи кои возат со брзина поголема од дозволената, при што биле констатирани 15 прекршоци.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ц.А.(36) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 02.11.2019 во Охрид, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот при што пронашле и одзеле амфетамин.

На 17.01.2021 во 19.20 часот во СВР Скопје, И.Г.(47) од Скопје пријавил дека околу 16.30 часот на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од Н.М.. Се работи на расчистување на случајот.

Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал при МВР поднесе кривична пријава против Х.А.(31) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 02.01.2021 во Тетово, при претрес во угостителски објект, полициски службеници пронашле и одзеле пиштол „Desert Eagle Pistol", пиштол „Ekol Special 99" калибар 9мм, 18 куршуми калибар 9мм и полуавтоматски пиштол „GLOCK" со девет куршуми калибар 9мм.

На 17.01.2021 во 15.30 часот во полициска станица Петровец, С.К. пријавила дека нејзината мајка П.К.(95) од Скопје била физички нападната од друга жена со која престојувала во бања во близина на Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.01.2021 во 16.45 часот во СВР Скопје, О.Н.(51) од Скопје пријавил дека околу 14.30 часот на подрачјето на Аеродром неговиот син бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Д.И.(26) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 23.08.2020 полициски службеници го запреле пријавениот, кој во тој момент фрлил марихуана и амфетамин.

На 17.01.2021 во 18.30 часот во СВР Скопје, И.А.(57) од Скопје пријавил дека на ул. „Беласица" во Скопје едно лице закана се обидело да одземе пари од него. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.01.2021 во 00.20 часот во Полициската станица Гази Баба, С.А.(49) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечила нејзината ќерка Ш.А.(14), која претходно повеќе пати се оддалечувала и била враќана. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.Б.(51) од с.Трпејца, охридско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 03.08.2018 полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот во с.Трпејца, при што пронашле и одзеле шприцеви и масло од канабис.

На 17.01.2021 во 01.42 часот во СВР Скопје, П.Ѓ.(27) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Ѓорче Петров, Б.И. пукал кон него и негов другар, а К.Г. фрлил тврд предмет кон возилото во кое се превезувале. Повредени лица нема. Се работи на расчистување на случајот.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет